# Македонија

## Различни ставови за законот за забрана на пластични ќеси

***четврток, 23 април 2009, 20:00***

Министерот за животна средина Јакупи задоволен од ефектите,
производителите на ќеси и еколошките невладини организации негодуват. Јакупи вели дека законот ги дал очекуваните резултати и не се согласува со мислењето дека наместо животната околина, од законот се офајдија само маркетите кои си ги наплаќаат ќесите.

Наспроти министерот,од невладиниот сектор коментар дека законот за забрана на пластичните ќеси ни одалеку не ги постигнал посакуваните резултати. Во земјите каде се наплаќаат ќесите, парите од продажбата не завршуваат во касата на маркетите.

Четири и пол месеци по донесувањето на овој закон, дел од произведителите на ќеси во земјава веќе почнаа да си ги пакуваат машините за производство. Размислуваат како да го преселат бизнисот во соседните земји. Сметаат дека се колатерална штета на лошото планирање и носењето закони без визија.

Според производителите на пластични ќеси, оваа индустрија во земјава вработува околу 1500 луѓе. На поголемиот дел од нив сега им се заканувал отказ, но не поради екологојата, туку поради ниската свест на граѓаните и избрзаните решенија на владата. Според производителите во земјава, нема пластична ќеса која не може да биде рециклирана.

Според експертски мислења, земјава треба да се фокусира пред се на рециклирање на пластичните ќеси и шишиња, бидејќи и хартијата е далеку од еколошка поради тоа што за нејзино производство се сечат огромни површини со шуми. Велат ќесите можеби изгледаат грдо, но за околината се далеку поштетни пластичните маси кои се употребуваат за пакување на сокови, чипсови и детергенти.

Александар Димитриевски